РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 08-605/1
25.05.2021
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016), Советот на Општина Пехчево на триесет и шестата седница одржана на 25.05.2021 година донесе

## ОДЛУКА
## За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2021 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2021 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| **A00 СОВЕТ НА ОПШТИНА** | | | | |
| 723111 целодневна и претшколска грижа | 250.000 | 0 | 0 | 0 |
| | **250.000** | **0** | **0** | **0** |
| и се распредуваат на следните расходни потставки : | | | | |
| | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | -164.000 | 0 | 0 |
| 464910 Плаќање по судски решенија | 0 | 164.000 | 0 | 0 |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 421440 Транспорт на луѓе | -40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423120 Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | -40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423330 Постелнина | -40.000 | 0 | 0 | 0 |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 250.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 120.000 | 0 | 0 | 0 |
| | **250.000** | **0** | **0** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2021 година.

Бр. 08-605/1
25.05.2021 година

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев

| razdel | smetka | programa | konto | iznos |
|---|---|---|---|---|
| 75401 | 787 | A0 | 723111 | 250.000,00 |
| 75401 | 787 | V1 | 421440 | -40.000,00 |
| 75401 | 787 | V1 | 423120 | -40.000,00 |
| 75401 | 787 | V1 | 423330 | -40.000,00 |
| 75401 | 787 | V1 | 423410 | 250.000,00 |
| 75401 | 787 | V1 | 424210 | 120.000,00 |
| 75401 | 930 | N1 | 425760 | -164.000,00 |
| 75401 | 930 | N1 | 464910 | 164.000,00 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 03-601/1
25.05. 2021 год.
ПЕХЧЕВО

ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ на Проширувањето на средствата на БУЏЕТОТ на општина ПЕХЧЕВО за 2021 година

Врз основа на член 34 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012 и 167/2016), а во согласност со член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 30 од Статутот на Општина Пехчево ("Службен гласник на Општина Пехчево бр. 6/2016), Ви го доставуваме Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 2021 година.

Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 2021 година е предложено поради потребата од зголемување на Буџетот со дополнителни средства на сметката на самофинансирачки активности на општина Пехчево во програмата за детските градинки за 2021 година.

Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „7 Септември" Пехчево има очекувани зголемени приходи на сметката на самофинансирачки активности на контото 723111 (целодневна и претшколска грижа) во износ од 250.000 денари, кои планира да ги искористи за задоволување на потребата од зголемување на планираните расходи за прехранбени продукти и пијалоци и за одржување на зградата на градинката, како резултат на зголемување на цените на одредени производи во трговската мрежа. Истотака, ги намалува расходите за транспорт на луѓе, за списанија, весници и други изданија и за постелнини во вкупен износ од 120.000 денари, поради намалени потреби за истите во оваа буџетска година.

Во Буџетот на дотации во програмата Н1-Основно образование се прави пренаменување на парични средства во износ од 164.000 денари од планираните средства на контото 425760 - превозни услуги во образованието на контото 464910 - плаќање по судски решенија. Пренамената се врши поради остаток на парични средства со реализирање на онлајн наставата на учениците од четврто до деветто одделение, со кои се планира да се покријат трошоците за плаќање на судски пресуди.

Анализата на приходите и расходите во буџетот на Општината и планираните реални приходи и расходи за тековната година се земени како основа во проектирањето на Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 2021 година.

Соодветно на тоа, Градоначалникот на општина Пехчево достави предлог - Одлука за Проширување на Буџетот на општината за 2021 година до Советот на општина Пехчево за разгледување и усвојување на 36-тата седница, одржана на ден 25.05.2021 година.

25.05.2021 година
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Драган Тренчовски